РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 03-818/2
22-02-2023 20 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за градежништво, трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО
Бр. 03-52/3
23.02 2023 год.
СКОПЈЕ

**Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во с.Ерџелија, Општина Свети Николе со број 02-5951/9 од 25.11.2021 година**

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст, во понатамошниот текст „Договорен орган" од една страна, и
2. Друштво за градежништво, трговија и услуги Бауер БГ Доо Скопје, со ЕМБС 6059376 со седиште на бул. Илинден бр.29-3/4 Скопје, застапувано од Управителот Благој Димитров во понатамошниот текст "Носител на набавката" од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Анекс врз основа на член 20 од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во с. Ерџелија, Општина Свети Николе со број 02-5951/9 од 25.11.2021 година и број на Носителот на набавката 03-504/1 од 06.12.2021 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Анекс е изменување на одредбите од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во с. Ерџелија, Општина Свети Николе со број 02-5951/9 од 25.11.2021 година и број на Носителот на набавката 03-504/1 од 06.12.2021 година за времетраењето на договорот.

Овој Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во с. Ерџелија, Општина Свети Николе со број 02-5951/9 од 25.11.2021 година и број на Носителот на набавката 03-504/1 од 06.12.2021 година се склучува по претходно доставено Барање за продолжување на рок на изведба на градежни активности од Носителот на набавката доставено до Надзорен орган со бр.03-52/2 од 20.02.2023 година и Мислење од Надзорен орган во врска со продолжување на рокот на изведба со бр.0302-5273/1 од 21.02.2023 година, заверено во архива на МТСП со бр. 03-482/20 од 21.02.2023 година, поради тоа што согласно горенаведените документи постои оправдана причина за продолжување на рокот на Договорот од 103 денови.

**Член 3**

Во членот 14 ставот 1 и ставот 2 од основниот договор се менува и гласи:

„Овој договор се склучува со времетраење од 20 месеци.
Изведувачот е должен работите предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши најдоцна до 04.07.2023 година, сметано од денот на воведување во работа."
Останатите ставови од член 14 од основниот договор остануваат непроменети.

**Член 4**

Согласно член 64 став 1 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% (десет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Анекс на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на објект за детска градинка во с. Ерџелија, Општина Свети Николе со број 02-5951/9 од 25.11.2021 година и број на Носителот на набавката 03-504/1 од 06.12.2021 година влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Министер,
Јованка Тренчевска

Управител,
Благој Димитров